


Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани и талентирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

# Заменик Директор во Дирекција финансии и сметководство

*Биди и ти дел од нашиот тим...*

**Треба да поседуваш:**

- Високо образование – Економски факултет, предност од областа на сметководство, финансии или ревизија;
- Работно искуство од најмалку 3 години во делот на финансиското и книговодсвено работење;
- Напредни вештини за користење на – Microsoft Office и познавање на англиски јазик;
- Изразени организациски, аналитички и комуникациски вештини;
- Способност за работа под притисок и во брзи рокови;
- Подготвеност за преземање на одговорност и иницијатива;
- Познавање на законските регулативи во областа на финансиите и сметководството;
- И најважно, проактивен пристап и амбиција за личен развој во согласност со визијата на Банката!

**Работни активности:**

- Ја помага работата на Директорот на дирекцијата при раководење, организирање, координирање и контролирање на работата во Дирекцијата;
- Го воспоставува, координира и следи извршувањето на задачите во рамките на секторите на Дирекцијата финансии и сметководство;
- Подготовка на финансиски извештаи, завршна сметка, годишни деловни планови;
- Изработува годишна пресметка на амортизација и усогласување со сметководствена евиденција;
- Врши пресметка, сметководствена евиденција и плаќање на даноци по разни основи;
- Врши пресметка, сметководствена евиденција и исплата на плата;
- Врши следење на постапувањето по дадените препораки од ревизиите;
- Изработува извештаи за потребите на менаџментот и за надворешни институции;
- Ги следи континуирано промените во законската регулатива од областа на даноци, регулативата на Народна банка и останати прописи.

Работното време: 8 часа дневно, односно 40 часа неделно, од понеделник до петок.

Доколку сте одговорна, прецизна и активна личност, ориентирана кон остварување на високи резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

**Бенефиции:**

- Политика за наградување преку систем на бонуси
- Обуки за личен и професионален развој
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување
- Спортски активности и настани за дружење

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на jobs@unibank.com.mk или на адреса: Максим Горки бр. 6, 1000 Скопје, **најдоцна до 30.06.2024 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификации и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законските прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk